УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро

# СТРАТЕГИЈА
# ЗА РАБОТА НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“– ШТИП
# 2022-2025 година

DRAFT

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро

## СОДРЖИНА


**Општи одредби - Вовед** ........ **2**

КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ ........ 3

**Основни столбови** ........ **4**

**Стратешки цели** ........ **4**

Управување и вредности ........ 4

Извонредност во наставата и учењето ........ 5

Извонредност во науката, истражувањето и глобалната видливост ........ 7

Подобрена инфраструктура ........ 8

Студенти, младинска политика и студентска автономија ........ 8

Социјална одговорност ........ 10

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро

# ОПШТИ ОДРЕДБИ - ВОВЕД

Стратегискиот план е документ на Универзитетот кој се донесува врз основа на мисијата, визијата и организациските принципи и вредности на Универзитет „Гоце Делчев " –Штип и ги содржи основните стратегиски цели за работа во периодот од 2022-2025 година.

Стратегискиот план на универзитетот дефинира рамка на приоритети на универзитетот и единиците во неговиот состав. За реализација на планот витални партнери ќе бидат сите едници во состав на универзитетот подеднакво, а истиот ќе биде поткрепен со детален акциски план за имплементација кој ќе биде усвоен од органите на универзитетот (ректорска управа и сенат).

Основен пристап на стратегијата е континуираниот развој на Универзитетот „Гоце Делчев" и неговиот напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетно образуван академски кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со квалификации соодветни за националниот, но и глобалниот пазар на труд.

Овој документ претставува основа за подготовка на годишните планови за работа на Универзитет „ Гоце Делчев " – Штип и ги зема во предвид сите предизвици со кои се соочуваат универзитетите во општеството во кое делуваат, кои се последица на пандемијата која неодамна заврши, глобалните безбедносни ризици и драстични демографски промени, што резултира со длабоки и суштински промени во сите сфери на современото човеково постоење. Во периодот пред нас, последиците од овие процеси ќе стануваат се по изразени, поради што од исклучителна важност е прилагодувањето на новата реалност, преку обезбедување на континуитет во развојот на сите активности на Универзитетот, втемелени на основните принципи на автономност, транспарентност, достапност и правичност.

# МИСИЈА

Мисијата на Универзитет „ Гоце Делчев " – Штип, е унапредување на учењето преку наставата, истражувањата и ширење на науката преку сите расположливи канали.

Универзитетот се стреми кон креирање на квалитетна високообразовна услуга, развој на наука насочена пред сѐ кон решавање на реалните проблеми во специфичниот географски, културен и социјален контекст во кој дејствува и креирање задоволни студенти и вработени, сѐ со цел сите заедно, да бидат двигатели на забрзан економски и социјален развој на општеството во целина.

# ВИЗИЈА

Универзитетот „ Гоце Делчев " - Штип се стреми да постане лидер во обезбедување на квалитетни високо – образовни услуги и напредна научна мисла, како и да биде препознаен по квалитетот на сите чинители на истиот

мислејќи притоа на наставниот, административниот кадар, студентите и алумни членови-те на академската заедница.

Преку наставната и истражувачката активност, а воден од начелата на компетентност, хуманост, автономност, транспарентност, достапност и правичност во работењето, универзитетот се обидува и ќе продолжи да креира бенефити за општеството во кое функционира и припаѓа како на локално така и на регионално и национално ниво.

Универзитетот целосно ќе се залага за обезбедување на академската автономија, стипендирање на најдобри студенти, поддршка на млади таленти, овозможување на еднакви услови, инклузивност и поддршка на сите вработени и студенти припадници на универзитетската заедница, како и на зајакнување на интердисциплинарната соработка помеѓу овие чинители и градење на нивното чувството на припадност на универзитетот.

## КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ

При спроведување на стратегиските цели Универзитетот „Гоце Делчев“, како институција која ја врши својата дејност врз начелото на академска автономија, ќе се стреми кон целосна афирмација на следните заеднички вредности:

- **почит и грижа за вработените и студентите** - изразена преку раководење низ личен пример, ориентираност кон резултати, транспарентност, тимска работа, достапност, принцип на рамноправност (прифаќање на различностите и меѓусебна поддршка) и постапување со интегритет.
- **академската автономија** – изразена преку целосна поддршка на ентузијазмот, храброста за предизвикување на општо - прифатената мисла и истражување на нови идеи, интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес.
- **компетентност** – изразена преку трансфер на применливи знаења и искуствата кои водат до носење одлуки засновани на научни докази.
- **континуиран развој** – изразен преку континуирано подобрување на условите за работа на вработените и студентите и можностите за целосна реализација на потенцијалот кои тие го поседуваат.
- **одговорност** – доследно, транспарентно и совесно реализирање на мисијата и целите на Универзитетот.

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро

## ОСНОВНИ СТОЛБОВИ

Основните столбови на стратегијата се:

- модернизација на наставниот процес преку искористување на предностите на хибридно учење и проширување на можностите за учење на далечина, како и зголемување на методолошките и педагошките компетенции низ континуиран процес на обуки и размена на искуства;
- дигитализација и зголемување на ефикасноста на универзитетските служби и администрација во насока на квалитетна услуга на студентите и вработените и ефикасно управување со ресурсите;
- засилување на меѓународната соработка преку вмрежување на Универзитетот со што повеќе високообразовни установи и универзитети, меѓународни тела и агенции од регионот и пошироко, како и зголемување на мобилноста на наставниот и соработничкиот кадар и студентите;
- интензивирање на научно - истражувачката работа на институцијата со нови научно - истражувачки и апликативни проекти, преку внатрешни проектни линии и грантови и поддршка за вклучување во надворешните извори на финансирање, како и зголемување на директната соработка со бизнис секторот;
- значително подобрување и осовременување на условите за работа, преку континуирано унапредување на персоналната опременост и основната инфраструктура на објектите, со фазна изградба и постепен трансфер во еден интегриран кампус на УГД, кој ги обединува сите единици и служби на едно место, во современи, високо функционални, повеќе наменски, енергетски ефикасни и климатски неутрални објекти, со целосна имплементација на принципите на одржливо управување со ресурсите, „0“ емисии во околината и целосна енергетска независност.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Универзитетот “ Гоце Делчев “ – Штип ги утврдува следните стратешки цели за периодот 2022-2025 г.:

**Управување и вредности**

- Поддршка на стабилни демократски традиции и континуитет, академска слобода, принципи на академски интегритет, култ на знаење и наука, отвореност, слободно декларирање на намери и самоподобрување;

- Создавање на Универзитет лидер во еколошката прифатливост, следејќи ги новите трендови во напредокот на технологијата, заштедата на енергетски ресурси и заштита на животната средина;

- Зголемување на транспарентноста и демократизација на управувањето, преку креирање на дополнителни форми (совети и работни групи), со променлива и ротирачка структура кои имаат за цел развој и унапредување на сите аспекти на функционирање на Универзитетот, како и воведување механизми за вклучување на вработените и студентите на Универзитетот во дискусијата за иницијативни проекти („Буџет на иницијативи“) и обезбедување на реализација на проекти кои добиле најголема поддршка од вработените и студентите;
- Унапредување на работата на административните служби, со фокус на нивната поставеност како ефикасен сервис на студентите и наставниот кадар, преку афирмирање, наградување и унапредување на квалитетните кадри, решавање на организациските и персоналните слабости и воспоставување на стабилен систем за ефикасна администрација на долг рок;
- Поедноставување на меѓусекторска комуникација, намалување на административните процедури и забрзување на процесите согласно законските и техничките можности;
- Воведување на сервисни точки („call“ центри) за сите административни и техничко сервисни услуги за вработените и студентите со цел олеснување, забрзување, како и контрола и следење на ефикасноста на процесите и услугите (центар за студентски прашања, центар за техничка и сервисна поддршка, центар за информатичка поддршка, центар за административни услуги, како и други сервисни центри согласно потребите), оперативно поврзување на веќе постоечките служби;
- Редовно испитување на мислењето на вработените и засегнатите страни, со анализа на потребите на целните групи;
- Промовирање на хармоничен развој на личноста на студентите и наставниците, преку реализацијата на нивните социјални и културни потреби.

**Извонредност во наставата и учењето**

- Постојано ажурирање на постојните наставни програми, развој и имплементација на нови, согласно глобалните трендови, можноста за користење на напредни алатки за хибридна настава, барањата на работодавачите и интересите на засегнатите страни;
- Понатамошен развој и унапредување на внатрешниот систем на обезбедување на квалитетот на образованието, објективизација и транспарентност на образовниот процес;
- Подобрување на методите на учење ориентирано кон практика и имплементација на современи методи на клиничка обука;

- Креирање на акредитирани “long-distance learning” програми за високо-образование и стручно (до) усовршување за да одговорат на потребите на пазарот на труд;
- Подигнување на општото, образовно и научно - истражувачко ниво на Универзитетот;
- Зајакнување на компетитивноста кај студентите преку системи за афирмација на успехот и добрите резултати;
- Интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студии и воведување на поголем број “joint degree” програми на регионално и глобално ниво;
- Креирање на медицински консултативни кабинети во специфични специјалистички области, студентски поликлиники, клиники/советувалишта во повеќе сфери, како центри за трансфер на услуги и знаење кон општеството и практична обука на студентите;
- Сеопфатна помош за формирање и зајакнување на културата на академскиот интегритет во заедницата на Универзитетот;
- Вклучување на предавачи во образовниот процес - водечки научници, професионалци и успешни дипломирани студенти од државата и од странство;
- Воведување на универзитетски напредни курсеви за усовршување на наставниот кадар, методолошки и педагошки вештини, софтверски знаења согласно областа и интересот за истражување и личен развој;
- Модернизација на едукативните простории и алатки за поефикасна и масовна примена на хибридната настава и настава на далечина, унапредување на наставните, лабораториски ресурси со можност за зголемено користење на дигитални алатки и оптимизација на искористувањето на капацитетите;
- Сеопфатно унапредување на информациските и комуникациските системи за обезбедување на образовниот процес;
- Зголемување и ажурирање на опсегот на образовни услуги кај постдипломските и докторските студии - од краткорочни модели (симулациски обуки, обуки за стекнување практични вештини, мастер класи, работилници) до нови модели на континуиран професионален развој;
- Трансформација на услугите на библиотеката и формирање на информативен центар со бесплатен пристап до бази на податоци со целосни текстови на периодика и едукативна литература на повеќе јазици. Интензивна соработка со надлежните институции за обезбедување

бесплатен пристап на вработените на Универзитетот до електронските ресурси на престижните бази на податоци како Web of Science и Scopus;

**Извонредност во науката, истражувањето и глобалната видливост**

- Унапредување на постојните и вклучување на дополнителни механизми за финансирање на истражувачки активности на Универзитетот од сопствени средства и поддршка за учество во домашни и меѓународни истражувачки грант проекти, апликативни / економско - договорни проекти, вклучување на средства од локални и странски клиенти, добротворни фондации, меѓународни организации;

- Обезбедување развој на научните активности на Универзитетот преку поддршка и окрупнување на постоечките научни ресурси и промовирање на воведување на нови, со посебен фокус на иновативни и гранични области на истражување, како и поттикнување на научно - апликативните проектни активности;

- Овозможување и промовирање на мобилност на членовите на академската заедница на странски високообразовни установи и развивање меѓународна соработка со странски високообразовни институции;

- Развивање меѓународна научна соработка, преку поттикнување на учество на истражувачите од Универзитетот на меѓународни научни конференции, говорници и истражувачко стажирање на професори во странски универзитети, европски институции и лаборатории, како и интензивно вклучување на водечки локални и странски научници и експерти на научни форуми што се одржуваат на Универзитетот;

- Афирмација на конкуренцијата во образованието и научните истражувања, како и обезбедување финансиска поддршка за авторите на престижни публикации, земајќи го предвид факторот на влијание на списанието со јасни цели за позиционирање на Универзитетот помеѓу најугледните во регионот;

- Зајакнување на стратегијата за промовирање на Универзитетот преку константно презентирање на постигнатите успеси на вработени и студенти на факултетот;

- Преземање мерки за да се обезбеди брз трансфер на технологија и воведување на нови научни производи во образованието и вештините на академскиот кадар за зголемено искористување на процесите на дигитализација;

- Брз и континуиран трансфер на информации до професорите за можности за учество во научно-истражувачки настани (конференции, семинари, обуки, проекти, размени, престои и сл.);

- Континуитет на мерките насочени кон подобрување на материјално-техничката база за научно истражување на единиците и на катедрите на Универзитетот.

**Подобрена инфраструктура**

- Реорганизација и унапредување на информатичката инфраструктура со оптимизирање на процесите и учеството на сопствена и надворешна (изнајмена) инфраструктура, со основна цел зголемување на достапноста и безбедноста на системите, унапредување на Web страницата и користење на електронските WEB сервиси, понатамошен развој на алатките за хибридно учење и учење на далечина, подобрување на корисничкиот интерфејс и употребливост на постојните алатки ( Е-индекс и платформата за Е- учење), како и развој на алатки за прибирање и анализа на податоци (анкети, резултати од испити/тестови...);

- Приспособување на универзитетската инфраструктура согласно потребите на наставниот кадар и студентите во стекнувањето на своите теоретски и практични знаења, имајќи ја во предвид засилената дигитализација и сè поголемата примена на моделите на хибридно учење;

- Оптимизација и зголемена ефикасност на користењето на постојната инфраструктура, со широка достапност и флексибилност, а согласно потребите на сите единици и центри;

- Забрзана реализација на програма за заштеда на енергија и имплементација на програми за енергетска ефикасност и самостојност на ниво на Универзитет;

- Фазна изградба и постепен трансфер во еден интегриран кампус на УГД, кој ги обединува сите единици и служби на едно место, во современи, високо функционални, повеќе наменски, енергетски ефикасни и климатски неутрални објекти, со целосна имплементација на принципите на одржливо управување со ресурсите, „0“ емисии во околината и целосна енергетска независност;

- Подобрување на условите за сместување и социјална интеракција на студентите, преку обезбедување на сопствени ресурси и разни форми на соработка со јавниот и приватниот сектор.

**Студенти, младинска политика и студентска автономија**

- Промовирање и поддршка на развојот на студентското организирање;

- Обезбедување соодветни услови за ефективно учење на наставните програми со студентите, развојот на студентската наука и активностите за слободно време;

- Обезбедување редовни состаноци на студентските претставници со ректорот и членовите на ректорската управа, заради следење на состојбите, лоцирање на тековните проблеми на студентската заедница и нивно брзо решавање;
- Обезбедување ефективна повратна информација помеѓу студентите и администрацијата на Универзитетот, земајќи ги предвид желбите на студентите за подобрување на образовниот процес;
- Вклучување на студентите во внатрешно обезбедување на квалитетот на образовните процеси, што вклучува признавање на нивната улога и место во политиката на Универзитетот и одобрени процедури за обезбедување квалитет на образованието, вклучување во официјален механизам за одобрување, преглед и следење на образовните програми, способност за влијание врз развојот на критериуми, правила и процедури за оценување на студентите, соодветност на расположливите образовни и информативни ресурси, пристап до информации од јавен карактер;
- Обезбедување на формален систем за социјална и психолошка поддршка за студентите;
- Постојана поддршка за талентирани млади студенти, дипломци и млади научници, максимална вклученост на студентите во научните активности на Универзитетските катедри и лаборатории, формирање на студентски научни клубови и учество на студентите на домашни и меѓународни научни настани (конференции, конгреси, мастер класи), олимпијади, натпревари за студентски меѓународни и локални награди и грантови;
- Потесна соработка со средните училишта и воведување систем на селекција на талентирани ученици, со цел да се развие алгоритам за пронаоѓање на перспективни студенти и нивна поддршка преку научни клубови и учество на натпревари, како и поинтензивна промоција на можностите за студирање и кариерен развој на идните студенти;
- Ефективно споделување на информации во врска со програмите за стипендирање и грантови за студенти;
- Поддршка и развивање на едукативни и практични проекти за афирмација на најдобрите студенти (во форма „Школа на лидери“);
- Обезбедување на потребните административни барања и процедури на студентите во дигитализирана форма и овозможување на целосно дигитални услуги;
- Поддршка на системот на туторство на студенти и неговата информативна поддршка (предавања, обуки и сл.) за подобро запознавање и адаптација на бруцошите кон условите за студирање на Универзитетот;

- Поддршка на соработката на студентите со странски и локални институции (размена на делегации, семинари, состаноци, културно-уметнички настани);
- Формирање на етички комисии во рамките на спроведувањето на принципите на академски интегритет на Универзитетот;
- Подобрување на комуникацијата и споделувањето на важни и релевантни информации преку социјалните мрежи и зголемено учество на студентите во активностите на центарот за односи со јавност;
- Поттикнување на поразновидни вон наставни активности, како хоби групи, креативни студија и социјални клубови;
- Промовирање на развојот на физичката култура и спортот на Универзитетот на принципите на здрав начин на живот, преку воведување на вон наставни форми и методи на физичко образование;
- Поддршка во вмрежувањето и вработувањето на дипломираните студенти преку активностите на Центарот за кариера и Алумни клубот (кој треба да се развие);

**Социјална одговорност**

- Универзитетот претставува социјално одговорна високообразовна установа која постојано се грижи како за сите нејзини чинители, така и за општеството во кое што дејствува и егзистира.
- Преку поддршка на млади таленти, донации во рамки на капацитетите со кои располага, универзитетот активно се вклучува во скоро сите социјални настани, а ова останува приоритет и во периодот што следува и на кој што се однесува стратегијата.
- Негувањето и поттикнувањето на критичко и иновативно размислување е повеќе од потребно за активирање на колективната граѓанска свест, па токму поради тоа една од стратешките цели на Универзитетот е „ промовирање на активно граѓанство“ како најважна цел на образовниот систем.
- Универзитетот нуди поддршка за учество во добротворни настани како начин на позиционирање на истиот како општествено одговорна институција која преку своите програми и наставен кадар успешно го зацврстуваат хуманизмот и чувството на одговорност кај своите студенти.

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро

**АКЦИОНЕН ПЛАН**
за спроведување на стратегија за работа на
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
за 2022-2025 година

# СОДРЖИНА

Управување и вредности ..... 3
Анализа на потребите на пазарот на труд. ..... 3
Подобрување на ефикасноста на универзитетските служби ..... 3
Совети и работни групи за унапредување и развој ..... 3
Реорганизација и унапредување на постојните центри и одделенија ..... 4
Дизајнирање на работни нормативи и работна етика ..... 5
Оперативно поврзување на постоечки служби во т.н. сервисни точки ..... 5
Континуирана дигитализација на финансиски, административни процедури и архивското работење ..... 6
Извонредност во наставата и учењето ..... 7
Хибридни програми, учење на далечина "Long distance learning" и развивање на "joint degree" програми ..... 7
Реорганизација и унапредување на Центар за доживотно учење ..... 7
Модернизирање на наставно - образовниот процес ..... 7
Креирање на интердисциплинарни наставни програми ..... 8
Обуки за зголемување на наставните компетенции и подобрување на методите на учење ..... 8
Обезбедување на контрола на квалитетот во високо - образовниот процес и унапредување на постоечкиот Систем за менаџмент со квалитет ..... 9
Воспоставување системски преглед на академските програми ..... 9
Извонредност во науката, истражувањето и глобалната видливост ..... 11
Реорганизација и унапредување на постојните центри при УГД ..... 11
Центар за односи со јавност ..... 11
Центар за меѓународна соработка ..... 11
Канцеларија за поддршка на проектни и научно-истражувачки активности ..... 11
Издавачка дејност ..... 11
Прием на меѓународни студенти и промовирање на меѓународна соработка ..... 12
Зголемување на бројот на студенти на постдипломски и докторски студии ..... 12
Поттикнување на истражувања преку стимулативни мерки ..... 13
Организирање на меѓународни конференции, работилници, симпозиуми, тркалезни маси на актуелни теми ..... 13
Поттикнување на комерцијализација на истражувањата преку развој на Центар за трансфер на технологија ..... 13

Makespace за развој на вештини ..... 14
Подобрена инфраструктура..... 15
Унапредување на секторот за информатичко комуникациски технологии..... 15
Интегриран кампус ..... 15
Подобрување и проширување на просторните капацитети ..... 16
Студенти, младинска политика и студентска автономија ..... 17
Промовирање и поддршка на развојот на студентското организирање ..... 17
Стипендирање на најдобрите студенти ..... 17
Поддршка на млади таленти ..... 17
Социјална одговорност ..... 19
Реорганизација и унапредување на Центар за кариера и развој ..... 19
Пресретнување на проблемот со намалување на бројот на студенти ..... 19
Создавање на „eco-friendly“ Универзитет ..... 19
Нови форми на соработка со јавноста ..... 20
Промовирање на проекти со заедницата..... 20
Промовирање на зелени и одржливи иницијативи ..... 21
Акционен план табеларно ..... 22

DRAFT

Акциониот план за работа на Универзитетот „Гоце Делчев “ - Штип претставува план за извршување на предвидените цели содржани во Стратегијата за работа на универзитетот за периодот 2022 - 2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различните сегменти на дејствување, со назначување на носителите и одговорните структури на универзитетот како и предвидениот рок за нивна имплементација.

## УПРАВУВАЊЕ И ВРЕДНОСТИ

### Анализа на потребите на пазарот на труд.

<table>
<tr><th colspan="3">Активност: Детална анализа на тековната состојба и потребите на пазарот на труд и општеството</th></tr>
<tr><td colspan="3">Изработка на стратегија и акциони планови за развој во широка соработка со наставниот кадар на сите единици на УГД.<br>Корисност: јасни насоки за краткорочно и долгорочно идно одлучување и делување, базирани на детални информации.</td></tr>
<tr><td>Рок: краток (3 месеци)</td><td>Носител на надлежност: Ректор, Координатор за односи со јавноста и маркетинг</td><td>Финансиски импликации/Буџет:</td></tr>
</table>

### Подобрување на ефикасноста на универзитетските служби

<table>
<tr><th colspan="3">Активност: Подобрување на ефикасноста на универзитетските служби и администрација во насока на квалитетна услуга на студентите и вработените</th></tr>
<tr><td colspan="3">- подобрување на времето на одговор на барања за услуга, прикажани проблеми и надминување на истите на креативен начин;<br>- унапредување на квалитетот на комуникацијата и услугата на вработените преку обуки и мотивирање за ефикасно извршување на работните задачи и намалување на бирократски процедури согласно законските можности;<br>- решавање на организациските и персоналните слабости;<br>- воспоставување на стабилен систем за ефикасна администрација на долг рок.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корисност: зголемување на задоволството на корисниците (студентите и вработените) и развој на стимулирачка и мотивирачка средина за работење; зајакнување на внатрешната соработка.</td></tr>
<tr><td>Рок: краток (6-24 месеци)</td><td>Носител на надлежност: Ректор, ректорска администрација</td><td>Финансиски импликации/Буџет:</td></tr>
</table>

### Совети и работни групи за унапредување и развој

<table>
<tr><th>Активност: Креирање на дополнителни форми на соработка (совети и работни групи), со променлива и ротирачка структура со цел развој и унапредување на сите аспекти на функционирање на универзитетот</th></tr>
<tr><td>- воведување механизми за вклучување на вработените на Универзитетот во дискусијата за иницијативи, проекти и внатрешни проекти кои добиле најголема поддршка од сите вработени и/или студентите и обезбедување на фондови за нивна реализација.</td></tr>
</table>

DRAFT

<table>
<tr><td colspan="3">Корисност: транспарентно управување и унапредување на внатрешната комуникација на УГД во навремена и двонасочна комуникација; едуцирано и информирано одлучување и соработка со кадарот како најважен ресурс на УГД; овозможување на услови за личен и колективен развој на вработените; создавање на можности за интегрирање на сите вработени во насока на развој на УГД; динамизирање на развојот и мотивирачка средина за работење; зајакнување на внатрешната соработка.</td></tr>
<tr><td>Рок: долг рок (до крај на мандат)</td><td>Носител на надлежност: Ректор, ректорска управа и администрација</td><td>Финансиски импликации/Буџет:</td></tr>
</table>

## Реорганизација и унапредување на постојните центри и одделенија

<table>
<tr><th>Активност: Реорганизација и зголемување на активноста на постојните центри и одделенија за поддршка:</th></tr>
<tr><td>Центар за кариера и развој<br>Трансформација на центарот во насока на значително поинтензивна соработка со реалниот сектор и обезбедување на цел спектар на сервиси за студентите. Подготовка на стратегија за работа на центарот и оперативен план за проширување, ажурирање и развој на активности кои се во функција на потребите на тековните и дипломираните студенти на Универзитетот, креирање на база на контакти, алумни, настани, активности и публикации во интерес и според очекувањата на корисниците.<br>Детални активности дефинирани во стратешката цел – Социјална одговорност.<br>Центар за односи со јавност<br>Унапредување и подобрување на дејноста и услугите на центарот во насока на создавање на значителна конкурентска предност за УГД, преку подобрување и зајакнување на имиџот на УГД пред целната публика, како и поширокaта јавност. Изготвување и реализација на оперативен план за зајакнување на капацитетите на центарот.<br>Детални активности дефинирани во стратешката цел – Извонредност во науката, истражувањето и глобалната видливост.<br>Центар за меѓународна соработка<br>Промоција на меѓууниверзитетска соработка и зголемување на бројот на универзитети за соработка. Зајакнување на капацитетите на центарот.<br>Детални активности дефинирани во стратешката цел – Извонредност во науката, истражувањето и глобалната видливост.<br>Канцеларија за поддршка на проектни и научно-истражувачки активности:<br>Поддршка на академскиот кадар за следење и информирање за актуелни повици за национални или меѓународни (европски) проекти, активности околу проектни апликации, академска писменост, творење и афирмација.<br>Детални активности дефинирани во стратешката цел – Извонредност во науката, истражувањето и глобалната видливост.<br>Издавачка дејност<br>Интензивирање на активности во насока на олеснување на процесот на творење на наставниот кадар.<br>Детални активности дефинирани во стратешката цел – Извонредност во науката, истражувањето и глобалната видливост.</td></tr>
<tr><td>Корисност: создавање на дополнителна конкурентска предност на УГД и унапредување на позицијата на УГД на националните и меѓународните рангирања; значително подобрување позицијата на универзитетот во однос на привлекување на студентите, како и во однос на општественото делување и значење.</td></tr>
</table>

DRAFT

## Дизајнирање на работни нормативи и работна етика

| **Активност: Спроведување на едукација и обуки за интегритет и етика на вработените како и изготвување анализа за воспоставување на механизам за контрола на почитување на работните нормативи и работната етика** | | |
|---|---|---|
| - Зајакнување на свеста кај вработените на универзитетот за почитување на работните нормативи и работната етика преку континуирани обуки и едукации;<br>- Јакнење на интегритетот и отчетноста на секој вработен во универзитетот како дел од јавниот сектор на државата. | | |
| **Корисност:**<br>Обезбедување на квалитет на услугата која што ја дава Универзитетот;<br>Зголемување на задоволството на студентите и останатите соработници на универзитетот.<br>Подобрување на целосната репутација на Универзитетот во средината во која што делува. | | |
| **Рок:** долг рок (континуирано) | **Носител на надлежност:** Сите вработени на универзитетот | **Финансиски импликации/Буџет:** нема |

## Оперативно поврзување на постоечки служби во т.н. сервисни точки

| **Активност: Спроведување на оперативно поврзување на веќе постоечки служби во т.н. сервисни точки („Call“ центри за сите административни и техничко сервисни услуги за вработените и студентите** | | |
|---|---|---|
| Ваквата активност има за цел олеснување, забрзување, контрола и следење на ефикасноста на процесите и услуги кои ги даваат службите за студентски прашања, службите за техничка и сервисна поддршка, информатичка подршка и административни услуги. Оперативното поврзување на веќе постоечките служби во форма на центар за студентски прашања, центар за техничка и сервисна поддршка, центар за информатичка поддршка, центар за административни услуги, како и други сервисни центри согласно потребите ќе овозможи подобрување на квалитетот на услугите кои ги дава универзитетот. | | |
| **Корисност:**<br>- Обезбедување на квалитет на услугата која што ја дава Универзитетот;<br>- Зголемување на достапноста, ажурноста и прастапот до службите на универзитетот од сите засегнати страни;<br>- Зголемување на задоволството на студентите и останатите соработници на универзитетот.<br>- Подобрување на целосната репутација на Универзитетот во средината во која што делува. | | |
| **Рок:** долг рок (континуирано) | **Носител на надлежност:** Ректор, ректорска управа, административната служба, оддели за студентски прашања, студентска архива, ИКТ поддршка и помошно – техничката и сервисна служба. | **Финансиски импликации/Буџет:** нема |

DRAFT

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро

## Континуирана дигитализација на финансиски, административни процедури и архивското работење

<table>
<tr><td colspan="3">Активност: Континуиран развој на дигитални финансиски и административни процедури на универзитетот, како и целосна дигитализација на архивското работење</td></tr>
<tr><td colspan="3">Транзицијата кон целосно работење без хартија ќе донесе бројни придобивки за студентите и вработените. Внимателно планирање, обука на персоналот и силна ИТ инфраструктура во согласност со одредени законски ограничувања и заштита на податоците и приватноста се неопходни за успешна имплементација.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корисност:<br>- Значително намалување на трошоците: поврзани со печатење, набавка на хартија, складирање и ракување со документи и насочување на заштедените средства кон други важни сегменти во работењето.<br>- Заштеда на време: Електронските системи овозможуваат побрзо внесување на податоци, пребарување и обработка на истите, како и намалување на времето поминато на административни задачи.<br>- Зголемена точност и интегритет на податоците: процесите базирани на хартија се склони кон грешки, погрешно поставување и губење на важни документи. Со дигитализацијата на процесите универзитетот ќе ја подобри точноста и интегритетот на податоците со автоматска валидација, проверка на податоците и пристап до информации во реално време, намалувајќи го ризикот од грешки и обезбедувајќи веродостојност на податоците.<br>- Подобрена пристапност и соработка: Дигиталните системи обезбедуваат поголема пристапност до информациите и ја олеснуваат соработката меѓу различните одделенија, сектори и засегнати страни.<br>- Безбедност на податоците и враќање при катастрофи: Електронските системи нудат силни безбедносни мерки за заштита на чувствителните финансиски и административни податоци.<br>- Приспособливост и идна подготвеност: со растењето на универзитетот и воведувањето на нови програми, дигиталната инфраструктура може лесно да се прошири за да се приспособи на зголемените барања.</td></tr>
<tr><td>Рок: долг рок</td><td>Носител на надлежност: Ректор, ректорска управа и администрација, ИКТ одделение</td><td>Финансиски импликации/ Буџет:</td></tr>
</table>

DRAFT

УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

## ИЗВОНРЕДНОСТ ВО НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО

### Хибридни програми, учење на далечина “Long distance learning“ и развивање на “joint degree” програми

| **Активност: Креирање на акредитирани хибридни програми, програми за учење на далечина и развивање на “ joint degree” програми** | | |
|---|---|---|
| - овозможување на развој на хибридни програми;<br>- развој на програми за учење на далечина;<br>- програми за доживотно учење и стручно (до)усовршување во насока на барањата на пазарот на труд;<br>- имплементација на концептот на „прозорци на мобилност“ на прв, втор и трет циклус на студии;<br>- интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студии и воведување на поголем број “joint degree” програми на регионално и глобално ниво. | | |
| **Корисност:** зголемување на бројот на студенти; доближување на образовните услуги до различни региони од државата; привлекување на студенти надвор од државата; интернационализација на универзитетот, зајакнување на конкурентската позиција на УГД и директен придонес кон развојот на општеството во целина. | | |
| **Рок**: континуирано | **Носител на надлежност**: Ректор, Декани и единици на универзитетот | **Финансиски импликации/ Буџет:** нема |

### Реорганизација  и унапредување на Центар за доживотно учење

| **Активност: Реорганизација и зголемување на активноста на Центарот за доживотно учење** | | |
|---|---|---|
| Преку центарот за доживотно учење се развиваат т.н. професионални практични и краткотрајни обуки за до/пре-квалификација и полесно интегрирање на пазарот на труд во соработка со наставниот кадар. | | |
| **Корисност:** значително подобрување на позицијата во однос на привлекување на студентите; придонес кон општественото делување и значење. Развој на план за работа и реализација на активности. | | |
| Рок: краток рок (6-12 месеци) | Одговорност: Ректор, ректорска администрација, одговорен на Центарот за доживотно учење | Буџет: / |

### Модернизирање на наставно - образовниот процес

| **Активност: Модернизирање и унапредување на квалитетот на наставно - образовниот процес со фокус на компетитивност и компетентноста на студентите** |
|---|
| - осовременување на наставните програми;<br>- организирање на обуки за интерактивни и иновативни методи на работа со студентите;<br>- подигнување на нивото на практична и клиничка настава со предавачи од реалниот сектор;<br>- организирање на настани (обуки, натпревари, семинари и сл.) кои ќе ја зголемат компетитивност кај студентите; |

| | | |
|---|---|---|
| - креирање на можности за вклучување на најдобрите студенти како помош на наставниот кадар;<br>- обуки за користење и обезбедување на софтвери за вежби со студентите;<br>- опремување на простории на единиците на УГД во форма на читални и место за релаксација и одмор на студентите;<br>- креирање на наставни програми во соработка со странски универзитети и овозможување на двојни дипломи за студентите, како и адаптирање на постојните наставни програми согласно концептот на „прозорци на мобилност“ за привлекување на странски студенти и зголемување на бројот на „визитинг“ професори од странство;<br>- тековно следење и исполнување на потребата за зајакнување на човечките ресурси во наставниот кадар, според барањата на единиците. | | |
| **Корисност:** зголемена компетитивност и компетентност на студентите; зголемена можност за вработување на креираните кадри согласно барањата на пазарот на труд; подобрување на имиџот на УГД, зајакнување на конкурентската позиција на УГД и директен придонес кон развојот на општеството; зголемување на веројатноста за привлекување на студенти. | | |
| **Рок:** долг рок / континуирано | **Носител на надлежност**: Ректор, Декани и единици на универзитетот | **Финансиски импликации/ Буџет:** нема |

## Креирање на интердисциплинарни наставни програми

| **Активност: Креирање на интердисциплинарни наставни програми** | | |
|---|---|---|
| - креирање на програми во гранични подрачја со можност на вклучување на повеќе факултети, посебно програми од делот на одржливиот развој, заштита на здравјето и животна средина, управување со природни и културни ресурси, како и други програми согласно интересите на единиците на Универзитетот. | | |
| **Корисност:** зголемен број на студенти; зголемена соработка помеѓу различни единици на ниво на кампус или на универзитет. | | |
| **Рок**: среден рок (12-24 месеци) | **Носител на надлежност**: Единици на универзитетот | **Финансиски импликации/ Буџет:** нема |

## Обуки за зголемување на наставните компетенции и подобрување на методите на учење

| **Активност: Обуки за зголемување на наставните компетенции и подобрување на методите на учење ориентирано кон практика и имплементација на современи методи на клиничка обука** | | |
|---|---|---|
| - доброволни обуки за зголемување на наставничките компетенции на наставничкиот и соработничкиот кадар;<br>- обуки за користење на алатките за хибридна настава;<br>- размена на меѓународни искуства и пракса;<br>- поддршка за имплементација на нови пристапи во наставата<br>- имплементација на современи методи на клиничка обука. | | |
| **Корисност:** зголемувањето на квалитетот на наставно-образовниот процес; размена на искуство и знаење; зголемена мобилност на наставно-научниот и соработничкиот кадар. | | |
| **Рок:** среден рок (12-24 месеци) | **Носител на надлежност**: Ректор, единици на универзитетот | **Финансиски импликации/ Буџет:** |

DRAFT

## Обезбедување на контрола на квалитетот во високо - образовниот процес и унапредување на постоечкиот Систем за менаџмент со квалитет

<table>
<tr><td colspan="3">Активност: Креирање на динамичен систем за подобрување на квалитетот на високо - образовниот процес на Универзитетот и унапредување на постоечкиот Систем за менаџмент со квалитет</td></tr>
<tr><td colspan="3">- Континуирана евалуација на клучни активности и компоненти од високо - образовниот процес на Универзитетот со континуирана и транспарентна евалуација на целокупната работа и евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од прв циклус студии.<br>- Зајакнување на капацитетите, човечките ресурси и целосно унапредување на постоечкиот систем за менаџмент со квалитет.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корисност:<br>- Обезбедување на контрола на квалитетот преку анализа на препораките и SWOT анализите од последната самоевалуација на Универзитетот (2019 – 2021);<br>- Собирање и анализа на материјали за добри практики за обезбедување на квалитет во високото образование од веќе докажани и етаблирани универзитети;<br>- Развој на Стратегија и план за континуирана и транспарентна евалуација на УГД базирана на спроведените самоевалуации и добрите практики од ЕУ;<br>- Развој и имплементација на методологија за континуирана и транспарента евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од прв циклус студии;<br>- Развој и имплементација на методологија за континуирана и транспарента евалуација на целокупната работа на УГД од страна на студентите од прв, втор и трет циклус студии, наставниот и соработничкиот кадар и административниот и техничкиот персонал на УГД;<br>- Развој на документи и софтверски/дигитални решенија за евалуација на наставниот и соработничкиот кадар, како и за подобрување на процесот на редовната самоевалуација на УГД.<br>- Унапредување на веќе постоечкиот систем за менаџмент со квалитет.</td></tr>
<tr><td>Рок: долг рок / континуирано</td><td>Носител на надлежност: Работна група дефинирана од ректорот</td><td>Финансиски импликации/ Буџет:</td></tr>
</table>

## Воспоставување системски преглед на академските програми

<table>
<tr><td>Активност: Системски преглед на академските програми за да се задоволат потребите на засегнатите страни</td></tr>
<tr><td>Систематскиот преглед на академските програми е од клучно значење за да се обезбеди нивната релевантност, квалитет и ефективност во задоволувањето на потребите на засегнатите страни. Поддржува континуирано подобрување, ја подобрува употребливоста на креираниот кадар на пазарот на трудот, го поттикнува ангажманот на засегнатите страни и придонесува за севкупниот успех и углед на институцијата.</td></tr>
<tr><td>Корисност:<br>- Релевантност и усогласеност: Засегнатите страни, вклучувајќи ги студентите, работодавачите, индустриите и општеството во целина, очекуваат академските програми да бидат релевантни и усогласени со потребите на реалниот свет. Систематскиот преглед ќе помогне да се процени моменталната наставна програма, педагошкиот пристап и резултатите од учењето за да се осигура дека тие се во согласност со барањата на засегнатите страни за кои се развиваат. Ќе овозможи идентификација на празнините, трендовите што се појавуваат и областите за подобрување.</td></tr>
</table>

DRAFT

<table>
<tr><td colspan="3">- Обезбедување квалитет: Систематските прегледи придонесуваат за обезбедување квалитет во академските програми на Универзитетот.<br>- Ангажирање на засегнатите страни: Вклучувањето на засегнатите страни овозможува нивните перспективи и повратни информации да се вклучат во подобрувањата на програмите. Ова поттикнува чувство на сопственост и соработка, што доведува до програми кои подобро ги задоволуваат нивните потреби.<br>- Вработливост и успех на дипломираните студенти: ќе помогне да процени дали програмите соодветно ги подготвуваат дипломираните студенти за пазарот на труд. Со инкорпорирање на повратни информации од работодавците и претставниците на индустријата, Универзитетот ќе ги идентификува и потврди вештините и компетенциите што се бараат и соодветно ќе ги усогласи нивните програми. Ова ја подобрува вработливоста на дипломираните студенти, ја подобрува нивната транзиција во работната сила и ги зголемува нивните шанси за успех.<br>- Континуирано подобрување: Редовните проценки ќе ни овозможат да се идентификуваат силните страни, слабостите и областите за подобрување.<br>- Одговорност и транспарентност: ќе придонесе со отчетност и транспарентност во високото образование.</td></tr>
<tr><td>Рок: долг рок (на годишно ниво на факултет)</td><td>Носител на надлежност: Декан, продекан</td><td>Финансиски импликации/Буџет: нема</td></tr>
</table>

DRAFT

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро

# ИЗВОНРЕДНОСТ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ГЛОБАЛНАТА ВИДЛИВОСТ

## Реорганизација и унапредување на постојните центри при УГД

**Активност: Реорганизација и зголемување на активноста на постојните центри и одделенија за поддршка:**

*Центар за односи со јавност*

- унапредување и подобрување на дејноста и услугите на центарот во насока на создавање на значителна конкурентска предност за УГД, преку подобрување и зајакнување на имиџот на УГД пред целната публика, како и пошироката јавност;
- обновување и подобрување на содржините на веб страните на УГД и факултетите, нивен превод на англиски јазик и креирање на блогови за написи од професорите (во соработка со ИТ секторот);
- креирање и неделно одржување на профили на УГД и единиците при УГД на клучни социјални медиуми (Фејсбук, Инстаграм, ТикТок и ЛинкдИн);
- развој на тесна соработка со масовните медиуми (ТВ, радио и печатени и дигитални списанија во државата), организација на настапи на професорите на национални и регионални медиуми, редовно промовирање на сите значајни активности на единиците на УГД (на неделно или месечно ниво);
- развој на промотивна содржина во насока на зголемување на свесноста за услугите и активностите на УГД и зајакнување на јавната перцепција на Универзитетот;
- организација на ПР активности и прес конференции;
- организација на медиумско покривање на настаните на УГД и единиците.

*Центар за меѓународна соработка*

- промоција на меѓу универзитетска соработка и зголемување на бројот на универзитети за Еразмус програмата за мобилност, организација на (off или on-line) „визитинг“ предавања на професорите во странство и обратно (странски професори на УГД), редовно информирање на кадарот за актуелни конференции и семинари во светот.

*Канцеларија за поддршка на проектни и научно-истражувачки активности*

- следење и информирање на кадарот за актуелни повици за национални или меѓународни (европски) проекти;
- организација на обуки за пишување на проектни апликации;
- организација на обуки за пишување на научни трудови, редовна проверка на листите на предаторски списанија и информирање на кадарот, набавка на софтвер за авто-проверка на плагијаризам на трудови пред нивно објавување;
- афирмација на резултатите од научните истражувања.

*Издавачка дејност*

- интензивирање на активностите на издавачка дејност во насока на олеснување на процесот на творење на наставниот кадар, особено во поглед на техничко уредување на ракописи како и нивно лекторирање, а воедно и обновување на поддршката на промотивните активности на единиците на УГД.

**Корисност:** создавање на дополнителна конкурентска предност на УГД и унапредување на позицијата на УГД на националните и меѓународните рангирања; значително подобрување позицијата во однос на привлекување на студентите; придонес кон општественото делување и значење.

| **Рок:** долг рок / континуирано | **Носител на надлежност:** Ректор, ректорска администрација | **Финансиски импликации/Буџет:** |
|---|---|---|

DRAFT

## Прием на меѓународни студенти  и промовирање на меѓународна соработка

| **Активност: Развој на меѓународна соработката на универзитетот и прием на меѓународни студенти** | | |
|---|---|---|
| Универзитетот со примот на меѓународните студенти создава можности за меѓу културна размена, соработка и меѓусебно разбирање. | | |
| **Корисност:**<br>- Културна размена и различност: носи различни перспективи, културни позадини и искуства на Универзитетот. Интеракцијата со студенти од различни земји и култури промовира културно разбирање, толеранција и почит.<br>- Академска соработка: Меѓународните студенти често придонесуваат за заеднички истражувачки проекти, дискусии и академски иницијативи.<br>- Меѓународни истражувачки мрежи: Примањето странски студенти може да им помогне во воспитувањето на меѓународните истражувачки мрежи.<br>- Глобални мрежи на алумни: Меѓународните студенти по дипломирањето се враќаат во нивните матични земји и стануваат дел од глобалната мрежа на алумни. Овие алумни можат да служат како амбасадори на институцијата и да ја поттикнуваат меѓународната соработка.<br>- Транснационални партнерства: Овозможува транснационални партнерства и соработки со меѓународни институции. | | |
| **Рок**: Долг рок (континуирано) | **Носител на надлежност**: Одделение за меѓународна соработка, Единици на универзитетот | **Финансиски импликации/Буџет:** |

## Зголемување на бројот на студенти на постдипломски и докторски студии

| **Активност: Поголем број на студенти на постдипломски и докторски студии на Универзитетот** | | |
|---|---|---|
| Со зголемување на бројот на студенти на постдипломски и докторски студии, универзитетот го унапредува знаењето, го подобрува капацитетот за истражување, привлекува средства, поттикнуваат академска извонредност и вклучување во индустриите и економските развои и се позиционира како водечка институција во поширокиот регион. | | |
| **Корисност:**<br>- Студентите на постдипломски и докторски студии играат клучна улога во унапредувањето на знаењето и истражувањето.<br>- Финансирање и грантови за истражување: Многу истражувачки грантови и можности за финансирање им даваат приоритет на институциите со силна популација на постдипломски и докторски студенти.<br>- Академска извонредност и репутација: силна постдипломска и докторска програма ја подобрува академската извонредност и угледот на Универзитетот.<br>- Развој на факултетите: постдипломските и докторските програми придонесуваат за развој и планирање на иднината на факултетите.<br>- Иновации во индустријата: Постдипломските и докторантите често се вклучуваат во индустриски соработки и придонесуваат за иновативни решенија.<br>- Настава и менторство: Студентите на постдипломски и докторски студии можат да придонесат за наставата и менторството на студентите на додипломски студии. | | |
| **Рок**: Долг рок/ континуирано | **Носител на надлежноста**: Единици на универзитетот | **Финансиски импликации/Буџет:** |

## Поттикнување на истражувања преку стимулативни мерки

<table>
<tr><td colspan="3">Активност: Поттикнување на истражувања преку стимулативни мерки</td></tr>
<tr><td colspan="3">Подигање на нивото на научно - истражувачката работа, зголемување на истражувачката компетитивност на вработените научноистражувачки работници, зголемување на бројот на научни публикации во меѓународни индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети, зголемување на бројот на истражувачи со што Универзитетот ќе обезбеди подобро меѓународно позиционирање. За постигнување на ваквата цел потребно е донесување на Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на Универзитетот.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корисност:<br>- Постигнување на меѓународна видливост на универзитетот како целина;<br>- Стимулирање на наставниот и соработничкиот кадар за научно истражувачка работа;<br>- Создавање на модерен, европски, научно профилиран универзитет;<br>- Зацврстување на јасните определби на универзитетот за зголемување на нивото на знаење што се продуцира и на зголемување на неговата дисеминација до пошироката општествена заедница и стопанството.</td></tr>
<tr><td>Рок: Долг рок</td><td>Носител на надлежноста: Ректор, Проректор за наука</td><td>Финансиски импликации/Буџет:</td></tr>
</table>

## Организирање на меѓународни конференции, работилници, симпозиуми, тркалезни маси на актуелни теми

<table>
<tr><td colspan="3">Активност: Организирање на меѓународни конференции, работилници, симпозиуми, тркалезни маси на актуелни теми</td></tr>
<tr><td colspan="3">Преку организирање на меѓународни конференции, работилници, симпозиуми, тркалезни маси на актуелни теми, се врши еден вид на промовирање на истражувачките капацитети со кои располага универзитетот. На ваков начин се поттикнуваат иновативните истражувања и референтните публикувања.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корисност:<br>- Поттикнување на иновативни истражувања и референтни публикувања;<br>- Развој на издавачката дејност на универзитетот преку публикување на трудовите кои ќе произлезат од ваквите настани;<br>- Креирање на финансиски средства од науката за науката.</td></tr>
<tr><td>Рок: континуирано</td><td>Носител на надлежноста: Единиците на универзитетот</td><td>Финансиски импликации/Буџет:</td></tr>
</table>

## Поттикнување на комерцијализација на истражувањата преку развој на Центар за трансфер на технологија

<table>
<tr><td>Активност: Поттикнување на комерцијализација на истражувањата преку развој на Центар за трансфер на технологија</td></tr>
<tr><td>Поттикнување на комерцијализацијата на истражувањата преку развој на Центар за трансфер на технологија ќе допринесе за остварување на фундаментална улога на универзитетот во социо - економскиот развој на општеството преку иновациите и научниот развој, да се влијае на економскиот раст на државата.<br>Партнерствата со приватниот сектор и другите организации обезбедуваат пошироко влијание на резултатите од академските истражувања, што ја одредува и главната причина за вклучување на академските и истражувачките институции во</td></tr>
</table>

DRAFT

| | | |
|---|---|---|
| комерцијализацијата на нивните истражувачки резултати, а тоа е обезбедување релевантност на истражувањето за негово влијание во општеството. Сетоа ова ќе се постигне со развој на Центарот за трансфер на технологија кој е линк помеѓу истражувачите на универзитетот и приватниот сектор. | | |
| **Корисност:**<br>- Центарот за трансфер на технологија ќе овозможи целосна заштита на правата од интелектуална сопственост на нови пронајдоци на истражувачите на универзитетот;<br>- Ќе се овозможи комерцијализација на истражувањата и нивна примена во општеството.<br>- Ќе се овозможи поддршка за претприемачката димензија на трансферот на знаења,<br>- Центарот за трансфер на технологија ќе обезбеди сигурност и транспарентност за зајакнување на врските помеѓу универзитетот и индустријата. | | |
| **Рок**: Долг рок | **Носител на надлежноста:** Центар за трансфер на технологија, Ректорска управа | **Финансиски импликации/Буџет:** Надворешно финансирање |

## Makespace за развој на вештини

| | | |
|---|---|---|
| **Активност: креирање на Makespace на Универзитетот за развој на вештини кај студентите.** | | |
| Со креирање на Makespace на Универзитетот и фокусирање на развојот на вештините, универзитетот ќе ги поддржи студентите во развојот на креативноста, иновациите и практични вештини. Ова ќе го подобри квалитетот на образованието и ги подготви студентите за реалните предизвици и потреби на работната средина. | | |
| **Корисност:**<br>- Креативност и Иновации: Makespaces создаваат стимулативна средина каде што студентите можат да изразат својата креативност и иновативност. Тие пружаат простор и ресурси за експериментирање, идеи и проекти во различни области како наука, технологија, инженерство, уметност и дизајн.<br>- Мултидисциплинарност: Makespaces обезбедуваат простор за сместување на различни видови опрема, алатки и материјали кои се потребни за различни проекти. Ова овозможува студентите да развиваат мултидисциплинарни вештини и пристапи.<br>- Професионални Вештини: Makespaces пружаат можност за студентите да развиваат различни професионални вештини. Овие простории обезбедуваат обука и образование за употребата на различни алатки и опрема, како на пример 3D принтери, ласерски резачи, роботи и слично.<br>- Тимска Работа: Ќе овозможат тимска работа и соработка меѓу студентите. Студентите со слични интереси и вештини можат да се сретнат и да работат заедно на заеднички проекти. Соработката често води до креативни решенија и иновации.<br>- Примена на наученото: Ќе овозможи студентите да ги применат теориските знаења во практика преку поврзување на образованието и реалниот свет. | | |
| **Рок**: среден рок | **Носител на надлежноста:** Ректор, ректорска администрација | **Финансиски импликации/Буџет:** Надворешно финансирање – 6.000.000 ден. |

## ПОДОБРЕНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Унапредување на секторот за информатичко комуникациски технологии

| **Активност: Реорганизација и унапредување на работата на секторот за информатичко комуникациски технологии** | | |
|---|---|---|
| - оптимизирање на процесите и обезбедување на одржлив развој преку балансирано учеството на сопствена и надворешна (изнајмена) инфраструктура;<br>- зголемување на достапноста и безбедноста на системите;<br>- унапредување на Web порталите и користење на електронските WEB сервиси;<br>- подобрување на корисничкиот интерфејс и употребливост на постојните алатки (Е-индекс и платформата за Е- учење) и понатамошен развој на алатките за хибридно учење и учење на далечина;<br>- развој и имплементација на едноставни алатки за прибирање и анализа на податоци (анкети, резултати од испити/тестови);<br>- приспособување на универзитетската инфраструктура согласно потребите на наставниот кадар и студентите во стекнувањето на своите теоретски и практични знаења, имајќи ја во предвид засилената дигитализација и се поголемата примена на моделите на хибридно учење. | | |
| **Корисност:** приспособување на универзитетската инфраструктура на потребите на наставниот кадар и студентите; зголемено задоволство на корисниците на дигиталните сервиси; засилена дигитализација и унапредување на сите процеси; поголема примена на моделите на хибридно учење. | | |
| **Рок:** континуирано | **Носител на надлежност:** Ректор, Секторот за информатичко комуникациски технологии | **Финансиски импликации/ Буџет:** |

### Интегриран кампус

| **Активност: Создавање на интегриран кампус на УГД, кој ги обединува сите единици и служби на едно место** | | |
|---|---|---|
| - стратегија за лобирање и реализација на проектната активност;<br>- изградба на современ и целосно интегриран кампус на УГД, кој ги обединува сите единици и служби на едно место, во современи, високо функционални, повеќе наменски, енергетски ефикасни и климатски неутрални објекти, со целосна имплементација на принципите на одржливо управување со ресурсите, „0“ емисии во околината и целосна енергетска независност;<br>- фазна изградба и постепен трансфер во новите објекти. | | |
| **Корисност:**<br>- значително подобрени и современи услови за работа, со истовремено намалување на оперативните и трошоците за одржување;<br>- зголемување на можноста за соработка меѓу единиците на УГД и подобрени услови за вмрежување меѓу вработените и студентите;<br>- зголемување на конкурентската предност, унапредување на имиџот на УГД и<br>- зголемување на веројатноста за УГД да биде прв избор на поголем број квалитетни кадри и идни студенти. | | |
| **Рок:** долг рок /континуирано | **Носител на надлежност**: Ректор, ректорска администрација | **Финансиски импликации/буџет:** Надворешно финансирање |

## Подобрување и проширување на просторните капацитети

<table>
<tr><th colspan="3">Активност: Подобрување и проширување на просторните капацитети со кои располага Универзитетот</th></tr>
<tr><td colspan="3">- Реализација на проектни активности за подобрување на просторните капацитети со кои располага универзитетот, единиците и лабораториите.<br>- Оптимизација и зголемена ефикасност на користењето на постојната инфраструктура, со широка достапност и флексибилност, а согласно потребите на сите единици и центри;<br>- Опремување на Тренинг центар за одржување на конференции, симпозиуми, и различни настани на универзитетот.<br>- Опремување на просторот за одмор на единиците на универзитетот со автоматизирана опрема за храна и пијалоци;</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корисност:<br>- Подобрување на условите за работа на вработените на универзитетот како и условите за студирање.</td></tr>
<tr><td>Рок: долг рок (3 - 6 години)</td><td>Носител на надлежност: Ректор, ректорска администрација</td><td>Финансиски импликации/буџет:</td></tr>
</table>

DRAFT

# СТУДЕНТИ, МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА И СТУДЕНТСКА АВТОНОМИЈА

## Промовирање и поддршка на развојот на студентското организирање

<table>
<tr><td colspan="3">Активност: Универзитетот се залага за промовирање и поддршка на студентското организирање</td></tr>
<tr><td colspan="3">- Универзитетот ќе ги поддржи сите промотивни настани, работилници, кампањи организирани од студентите кои се однесуваат на студентското организирање и подобрување на студентскиот стандард.<br>- Универзитетот ќе овозможи простор за непречено работење на студентските собранија на неговите единици.<br>- Обезбедување редовни состаноци на студентските претставници со ректорот и членовите на ректорската управа, заради следење на состојбите, лоцирање на тековните проблеми на студентската заедница и нивно брзо решавање;<br>- Поттикнување на поразновидни вон наставни активности, како хоби групи, креативни студија и социјални клубови;</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корисност:<br>- Непречен развој на студентското организирање;<br>- Задоволни студенти.<br>- Обезбедување ефективна повратна информација помеѓу студентите и администрацијата на Универзитетот, земајќи ги предвид желбите на студентите за подобрување на образовниот процес.</td></tr>
<tr><td>Рок: континуирано</td><td>Носител на надлежноста:<br>Ректорска управа</td><td>Финансиски импликации/буџет:<br>Буџет на студентско собрание</td></tr>
</table>

## Стипендирање на најдобрите студенти

<table>
<tr><td colspan="3">Активност: Стипендирање на најдобрите студенти</td></tr>
<tr><td colspan="3">- Ефективно споделување на информации во врска со програмите за стипендирање и грантови за студенти;<br>- Стипендирање на најдобрите студенти од страна на Универзитетот;<br>- Стипендирање на најдобрите студенти кои го изучуваат македонскиот јазик.<br>- Обезбедување на поддршка на студенти за учество на олимпијади, натпревари и останати меѓународни и локални натпреварувања;</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корисност:<br>- Афирмација и промоција на универзитетот;<br>- Исполнување на општествената одговорност на универзитетот</td></tr>
<tr><td>Рок: континуирано на годишно ниво</td><td>Носител на надлежност:<br>Ректорска управа, Сенат</td><td>Финансиски импликации/буџет:</td></tr>
</table>

## Поддршка на млади таленти

<table>
<tr><td>Активност: Поддршка на млади таленти како афирмативна мерка на Универзитетот</td></tr>
<tr><td>- Потесна соработка со средните училишта и воведување систем на селекција на талентирани ученици, со цел да се развие алгоритам за пронаоѓање на перспективни студенти;<br>- Финансиска поддршка на млади таленти и млади научници согласно можностите на универзитетот;<br>- Поддршка на млади таленти преку организирање на натпревари;</td></tr>
</table>

DRAFT

<table>
<tr><td colspan="3">Корисност:<br>- Привлекување на идни нови студенти;<br>- Афирмација и промоција на универзитетот;<br>- Исполнување на општествената одговорност на универзитетот.</td></tr>
<tr><td>Рок: континуирано на годишно ниво</td><td>Носител на надлежност: Проректор за настава и студенти, Ректорска управа</td><td>Финансиски импликации/ Буџет:</td></tr>
</table>

DRAFT

# СОЦИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ

## Реорганизација и унапредување на Центар за кариера и развој

<table>
<tr><td colspan="3">Реорганизација и зголемување на активноста на постојните центри и одделенија за поддршка:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Центар за кариера и развој:<br>Трансформација на центарот во насока на значително поинтензивна соработка со реалниот сектор и обезбедување на цел спектар на сервиси за студентите, почнувајќи од:<br>• услуги на кариерно советување;<br>• обуки за средношколци, студенти и пошироката јавност за практични вештини барани на пазарот на трудот (во соработка со центарот за доживотно учење);<br>• соработка со агенции и дигитални платформи за вработување за директно поврзување на студентите со работодавачите;<br>• организација на традиционален саем на работодавачи и кариера;<br>• организација на Алумни клуб (база) на дипломирани студенти и следење на нивниот работен статус и соработка со нив;<br>• официјализирање на соработка со компании од приватниот сектор во насока на нивно активно вклучување во наставата, обуки, настани, стипендирање на студенти и др.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корисност: значително подобрување позицијата во однос на привлекување на студентите, така и во однос на општественото делување и значење.</td></tr>
<tr><td>Рок: краток рок ( 6-12 месеци)</td><td>Одговорност:<br>Ректор, раководител на центар</td><td>Буџет:</td></tr>
</table>

## Пресретнување на проблемот со намалување на бројот на студенти

<table>
<tr><td colspan="3">Активност: Детална анализа на тековната состојба и разработка на стратегија за надминување на проблемот со намалување на бројот на студентите</td></tr>
<tr><td colspan="3">- тимска изработка на стратегија и акциони планови како одговор на намалувањето на бројот на студенти на национално ниво;<br>- чекори за зголемена интернационализација на Универзитетот;<br>- зајакнување на соработката со средните училишта во насока на зголемување на бројот на студентите;<br>- креирање на платформа или мрежа од контакти од средните училишта за полесна дистрибуција на вести, повици, учества и сл. која ќе биде поделена согласно областите на изучување на секој кампус;</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корисност: јасни насоки за краткорочно и долгорочно идно одлучување и делување; зголемување на бројот на студенти.</td></tr>
<tr><td>Рок: континуирано</td><td>Носител на надлежност:<br>Ректор, ректорска администрација</td><td>Финансиски импликации/ Буџет:</td></tr>
</table>

## Создавање на „eco-friendly“ Универзитет

<table>
<tr><td>Активност: Создавање на Универзитет лидер во еколошката прифатливост, следејќи ги новите трендови во напредокот на технологијата, заштедата на енергетски ресурси и заштита на животната средина</td></tr>
</table>

DRAFT

УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро

| | | |
|---|---|---|
| - креирање и спроведување на стратегија за создавање на eco-friendly Универзитет со користење на постоечките ресурси, како и обезбедување на соодветни средства за реализација на истите (буџет, национални и европски фондови);<br>- фотоволтаични системи на кровните покривки на објектите каде тоа е изводливо и целисходно, заради остварување на што повисок процент на енергетска независност и намалување на трошоците за електрична енергија;<br>- имплементација на системи за селектирање и рециклирање на отпад во сите објекти на Универзитетот;<br>- поддршка за креирање на иновативни решенија кои во крајна цел ќе резултираат со одржлив развој на сите процеси и активности на универзитетот (програми и активности на техничките факултети);<br>- замена на постојниот возен парк на универзитетот со електрични возила. | | |
| **Корисност:** унапредување на позицијата на УГД во однос на општественото делување и значење; зголемување на видливоста на активностите на УГД; намалување на трошоците за енергија и комунални услуги на долг рок. | | |
| **Рок**: долг рок/ континуирано | **Носител на надлежност:** Ректор, ректорска администрација | **Финансиски импликации/ Буџет:** |

## Нови форми на соработка со јавноста

| | | |
|---|---|---|
| **Активност: Развој на нови форми на соработка со пошироката јавност** | | |
| Отворање на повеќе форми на соработка со јавноста и клиничка настава, како:<br>- студентска стоматолошка поликлиника,<br>- специјалистички консултативни кабинети,<br>- советувалишта (клиники) за правна помош,<br>- бизнис инкубатор и акцелератор,<br>- центар за трансфер на технологии и<br>- други слични форми, согласно интересот и капацитетот на едниците на УГД. | | |
| **Корисност:** обезбедување на можност за практична настава и искуства на студентите; можности за вмрежување и реална подготовка на студентите за учество на пазарот на трудот; засилено влијание во општествената јавност; унапредување на позицијата на УГД во однос на општественото делување и значење. | | |
| **Рок:** долг рок | **Носител на надлежност:** Ректор, единици на универзитетот | **Финансиски импликации/ Буџет:** ден. + обезбедување на надворешни извори на финансирање |

## Промовирање на проекти со заедницата

| |
|---|
| **Активност: Проекти со заедницата за взаемно позитивно влијание во општеството.** |
| Проектите ќе понудат можност студентите, заедницата и универзитетот да работат заедно на взаемно поврзувачки теми. Ќе овозможат практично учење, поттикнуваат граѓанско ангажирање и ќе ги подготват студентите за одговорен и социјално свесен живот и лидерство. Преку активно вклучување во заедниците, универзитетот можат да оствари позитивно влијание, да се справи со потребите на општеството и да придонесе за подобрување на заедницата. |
| **Корисност:** |

DRAFT

| | | |
|---|---|---|
| - Практична примена на знаењето: Ќе им овозможат на студентите да ги применуваат своите академски знаења и вештини во реални ситуации. Работејќи на проекти што ги адресираат потребите на заедницата, студентите ги видуваат конкретните резултати од нивното образование и развиваат чувство на социјална одговорност.<br>- Граѓанско ангажирање и социјална одговорност: ќе поттикнат граѓанското ангажирање и ќе вградат кај студентите чувство на социјална одговорност.<br>- Соработка и тимска работа: Студентите ќе работат заедно со своите колеги, професори и организации од заедницата, заинтересирани страни за да ги идентификуваат потребите, развијат планови за проекти и ги спроведат решенијата.<br>- Развивање на капацитети: Ќе придонесат за развивање на заедницата и развивањето на нивните капацитети. Преку блиската соработка со членовите на заедницата и организациите, студентите можат да поддржуваат заеднички иницијативи, да се залагаат за локални потреби и да го поттикнуваат континуиран развој.<br>- Вмрежување и кариерен развој: Студентите ќе бидат изложени на мрежа на организации во заедницата, професионалци и потенцијални работодавци. Тие можат да остварат вредни врски, да добијат препораки и да истражуваат кариерни можности што се во согласност со нивните интереси и вештини.<br>- Соработка на Универзитетот и заедницата: Преку партнерства со локални организации и членови на заедницата, универзитетот ќе придонесе за развојот на заедницата. Оваа соработка ја засилува врската помеѓу универзитетот и заедницата, го зголемува меѓусебното почитување, довербата и заедничките цели. | | |
| **Рок**: долг рок | **Носител на надлежност:** Ректор, Единици на универзитетот | **Финансиски импликации/ Буџет:** нема |

## Промовирање на зелени и одржливи иницијативи

| | | |
|---|---|---|
| **Активност: Промовирање на зелени и одржливи иницијативи** | | |
| - Користење на енергетско ефикасно светилки во сите објекти на универзитетот;<br>- Намалување на отпадот од хартија преку дигитализација на процесите во работењето на универзитетот;<br>- Поттикнување на истражување за одржлив развој;<br>- Обезбедување поддршка за иницијативи за одржливост во заедницата во која делува универзитетот. | | |
| **Корисност:**<br>- Преку поддршка, промоција и спроведување на зелени и одржливи иницијативи универзитетот се позиционира како општествено одговорна високообразовна институција;<br>- Допринесува за заштита на животната средина во која дејствува. | | |
| **Рок:** долг рок ( 3 – 6 години) | **Носител на надлежност:** Ректор, ректорска администрација | **Финансиски импликации/ Буџет:** |

DRAFT

## АКЦИОНЕН ПЛАН ТАБЕЛАРНО

| | | 2022 | | 2023 | | 2024 | | 2025 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управување и вредности | | | | | | | | | |
| | Анализа на потребите на пазарот на труд | | | | | | | | |
| | Подобрување на ефикасноста на универзитетските служби | | | | | | | | |
| | Совети и работни групи за унапредување и развој | | | | | | | | |
| | Реорганизација и унапредување на постојните центри и одделенија | | | | | | | | |
| | Дизајнирање на работни нормативи и работна етика | | | | | | | | |
| | Оперативно поврзување на постоечки служби во т.н. сервисни точки | | | | | | | | |
| | Континуирана дигитализација на финансиски, административни процедури и архивското работење | | | | | | | | |
| Извонредност во настава и учење | | | | | | | | | |
| | Хибридни програми, учење на далечина “Long distance learning“ и развивање на “joint degree” програми | | | | | | | | |
| | Реорганизација и унапредување на Центар за доживотно учење | | | | | | | | |
| | Модернизирање на наставно - образовниот процес | | | | | | | | |
| | Креирање на интердисциплинарни наставни програми | | | | | | | | |
| | Обуки за зголемување на наставните компетенции и подобрување на методите на учење | | | | | | | | |
| | Обезбедување на контрола на квалитетот во високо - образовниот процес и унапредување на постоечкиот Систем за менаџмент со квалитет | | | | | | | | |
| | Воспоставување системски преглед на академските програми | | | | | | | | |
| Извонредност во науката, истражувањето и глобалната видливост | | | | | | | | | |
| | Реорганизација и унапредување на Центри при УГД | | | | | | | | |
| | Центар за односи со јавност | | | | | | | | |
| | Центар за меѓународна соработка | | | | | | | | |
| | Канцеларија за поддршка на проектни и научно-истражувачки активности | | | | | | | | |
| | Издавачка дејност | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прием на меѓународни студенти и промовирање на меѓународна соработка | | | | | | | | |
| | Зголемување на бројот на студенти на постдипломски и докторски студии | | | | | | | | |
| | Поттикнување на истражувања преку стимулативни мерки | | | | | | | | |
| | Организирање на меѓународни конференции, работилници, симпозиуми, тркалезни маси на актуелни теми | | | | | | | | |
| | Поттикнување на комерцијализација на истражувањата преку развој на Центар за трансфер на технологија | | | | | | | | |
| | Makespace за развој на вештини | | | | | | | | |
| Подобрена инфраструктура | | | | | | | | | |
| | Унапредување на секторот за информатичко комуникациски технологии | | | | | | | | |
| | Интегриран кампус | | | | | | | | |
| | Подобрување и проширување на просторните капацитети | | | | | | | | |
| Студенти, младинска политика и студентска автономија | | | | | | | | | |
| | Промовирање и поддршка на развојот на студентското организирање | | | | | | | | |
| | Стипендирање на најдобрите студенти | | | | | | | | |
| | Поддршка на млади таленти | | | | | | | | |
| Социјална одговорност | | | | | | | | | |
| | Реорганизација и унапредување на Центар за кариера и развој | | | | | | | | |
| | Пресретнување на проблемот со намалување на бројот на студенти | | | | | | | | |
| | Создавање на „ eco-friendly“ Универзитет | | | | | | | | |
| | Нови форми на соработка со јавноста | | | | | | | | |
| | Промовирање на проекти со заедницата | | | | | | | | |
| | Промовирање на зелени и одржливи иницијативи | | | | | | | | |

DRAFT